Врз основа на член 22 став (7) од Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 11/2012), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, донесе

**Правилник за правилата и минималните стандарди за определување на каматни стапки**

(пречистен текст)

(„Службен весник на Република Македонија”бр. 34/2014 и Службен весник на Република Северна Македонија”бр. 6/2020 и 174/2020)

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат правилата и минималните стандарди за определување на каматни стапки што пензиското друштво ги користи при пресметката на ануитетниот фактор за пензии од втор столб преку доживотни и привремени програмирани повлекувања.

Член 2

Пензиското друштво при определување на каматните стапки, кои ги користи за пресметката на ануитетниот фактор, треба да применува степен на грижа што би ја применувал разумен човек.

Член 3

Каматната стапка што се користи за пресметка на ануитетниот фактор за пензии од втор столб преку доживотни и привремени програмирани повлекувања, треба да биде помала од преовладувачката пазарна реална стапка на принос на долгорочните должнички хартии од вредност.

При пресметката на реалната стапка на принос на долгорочни должнички хартии од вредност, пензиското друштво ја користи стапката на принос на обврзници и други хартии од вредност, со рочност не помала од пет години , што ги издава или гарантира Република Северна Македонија на домашниот пазар.

Член 4

При пресметката на реалната стапка на принос од член 3 став (1) од овој правилник, пензиското друштво ги користи проценките на номиналната каматна стапка од член 5 од овој правилник намалена за проценките за индексот на трошоците за живот од член 6 од овој правилник.

Реалната стапка на принос од став (1) од овој член не може да биде повисока од 80% од номинална каматна стапка пресметана од страна на пензиското друштво во согласност со член 5 од овој правилник.

Член 5

Пензиското друштво треба да ја определи номиналната каматна стапка врз основа на следните услови:

а) номиналната каматна стапка треба да биде помала од просечната каматна стапка на обврзници и други хартии од вредност, со рочност не помала од пет години, што ги издава или гарантира Република Северна Македонија на домашниот пазар, издадени во текот на една година пред датумот на пресметка на стапката на принос од член 3 од овој правилник;

б) номиналната каматна стапка треба да биде помала од каматната стапка на последната емисија на обврзници и други хартии од вредност, со рочност не помала од пет години, што ги издава или гарантира Република Северна Македонија на домашниот пазар, издадени пред датумот на пресметка на стапката на принос од член 3 од овој правилник и

в) номиналната каматна стапка треба да биде помала од просекот на претходните три објавени номинални приноси на пензискиот фонд, при што приносите се пресметуваат согласно закон и се остварени заклучно со 31 декември во претходните три години пред датумот на пресметка на стапката на принос од член 3 од овој правилник, а просекот се пресметува како аритметичка средина од трите номинални приноси. Доколку фондот работи помалку од три календарски години, номиналната каматна стапка треба да биде помала од просекот од сите објавени номинални приноси на пензискиот фонд, при што приносите се пресметуваат согласно закон и се остварени заклучно со 31 декември, а просекот се пресметува како аритметичка средина од сите објавени номинални приноси на пензискиот фонд.

Пензиското друштво треба да користи номинална каматна стапка која не може да биде поголема од најниската номинална каматна стапка определена согласно став (1) од овој член.

Член 6

Пензиското друштво прави проценка за индексот на трошоци за живот врз основа на податоците и проекциите од Државен завод за статистика, Министерство за финансии и други достапни извори.

Проценката за индексот на трошоците за живот не треба да биде помала од 50% од просечниот индекс на трошоци за живот во последните три години.

Член 7

Каматната стапка што се користи за пресметка на ануитетниот фактор за пензии од втор столб преку доживотни и привремени програмирани повлекувања се пресметува на годишно ниво за целиот период на исплата на програмираните повлекувања.

Каматната стапка што се користи за пресметка на ануитетниот фактор за пензии од втор столб преку доживотни и привремени програмирани повлекувања, покрај пресметката од став (1) на овој член, се ажурира и почесто поради промените во пазарните услови или значајни промени во каматната стапка на обврзници и други хартии од вредност, со рочност не помала од пет години, што ги издава или гарантира Република Северна Македонија на домашниот пазар.

Каматната стапка што се користи за пресметка на ануитетниот фактор за пензии од втор столб преку доживотни и привремени програмирани повлекувања не треба да биде помала од нула.

Член 8

Користените каматни стапки и пресметки треба да бидат објавени во годишниот извештај од актуарот на пензиското друштво.

Член 9

Овој правилник влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.03.2014 година.

Член 10

(член 4 од Службен весник на Република Северна Македонија број 6/2020)

Овој правилник влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 01.02.2020 година.

Член 11

(член 2 од Службен весник на Република Северна Македонија број 174/2020)

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија .

Претседател на Советот на експерти